USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИПАРД

## средства за земјоделски стопанства и задруги



МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
*на Република Македонија*

# ИПАРД СРЕДСТВА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА И ЗАДРУГИ

Парите од ИПАРД Програмата се добиваат откако ќе се заврши инвестицијата, финансирана од сопствени или банкарски средства. Претходно треба да се склучи договор со ИПАРД Агенцијата, а инвестицијата за која сте поднеле барање не смее да биде започната. Добивате неповратни средствата кои нема да ја надминат границата од 60% од одобрените трошоци.

## 1.КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ КОРИСНИК?

- Земјоделски стопанства запишани во Единствениот Регистар на Земјоделски Стопанства (ЕРЗС) и
- Земјоделски задруги

## 2. ВИСИНА НА ПОДДРШКА

Вкупните јавни трошоци (75% фондовите на ЕУ + 25% национално кофинансирање) нема да ја надминуваат границата од 60% од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите. Висината на финансирањето ќе се зголеми до:

- 65% за инвестиции во земјоделски стопанства направени од страна на млади земјоделци;



- 70% за инвестиции во земјоделски стопанства во планинските области.

Интензитетот на максималната стапка на помошта ќе се зголеми за 10 процентни поени за:

- Инвестиции кои се однесуваат на системи за справување со ѓубриво (складирање, третман, понатамошно користење и сл.);
- Инвестиции за подобрување на ефикасноста од употребата на азотни ѓубриво (на пример, намалена употреба, опрема, прецизирање);
- Инвестиции во објекти/опрема, чија цел е подобрување на енергетската ефикасност (на пример, употреба на градежни материјали кои ја намалуваат загубата на топлина);
- Инвестиции во објекти / опрема за производство на био-енергија во случај на обработка на животинска или растителна примарна и секундарна биомаса);
- Инвестиции во објекти / опрема за производство на енергија од другите обновливи извори на енергија за задоволување на сопствените потреби за енергија на земјоделско стопанство;
- Инвестиции во објекти / опрема за третман на отпадни води / канализација.

## 3.КОЛКАВА СУМА МОЖЕ ДА ПОБАРАМ ?

- За добивање поддршка во рамките на оваа мерка, минималните вкупни прифатливи трошоци за предложен инвестициски проект е 3000 евра;
- Максималната  помош која може да биде доделена на еден корисник под оваа мерка е 1 500 000 евра за целиот период на спроведувањето на Програмата.



Корисниците може да поднесат повеќе проекти во рамките на оваа мерка во текот на спроведувањето на Програмата, под услов максималните вкупни прифатливи трошоци да не бидат надминати и претходните проекти да бидат успешно завршени, односно конечната исплата да биде примена.

## 4.ОПШТИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИФАТЛИВОСТ

1. Сите апликанти кои аплицираат за инвестиции поврзани со производство на земјоделски култури во времето на поднесување на барањето мора да покажат постоење на употреблива земјоделска област регистрирана во Системот за идентификација на земјишни парцели со минималната големина во зависност од дејноста на растително производство која е предмет на инвестиции, како што следува:

- 0,3 ха во случај на инвестиции за одгледување на повеќегодишни растенија (култури) и инвестиции поврзани со пластеници;
- 0,1 ха во случај на инвестиции во расадници;
- 0,5 ха во случај на инвестиции поврзани со производство на зеленчук на отворено;
- 1 ха во случај на инвестиции во земјоделска механизација за полјоделство.

Сите баратели кои аплицираат за инвестиции поврзани со сточарското производство мора да покажат постоење на минимум капацитет регистриран во Реги-

старот за идентификација на животните или истиот минимум да се достигне на крај на инвестицијата.

Минимум капцитет:

- 5  крави/ 12 телиња
- 15 овци или кози
- 16 маторици/ 300 прасиња жива мера под 20 кг
- 1400 бројлери/ 700 несилки во случај кога инвестициите се однесуваат на одгледување на живина



## 5. СЕКТОРИ ЗА ПОДДРШКА

**1.Сектор за растително производство:**

- житарици;
- индустриски култури;
- зеленчук (вклучувајќи и компир);
- повеќегодишни култури (овоштарници, вклучувајќи и трпезно грозје, маслинки, медоносни дрвја (за производство на мед);
- лозја.

**2. Сектор сточарство:**

- говеда (за: млечни производи, гоење);
- свињи (за репродукција, гоење);
- овци и кози (за млечни производи, гоење);
- живина (одгледувани за производство на месо – бројлери, кошки носилки).



**3. Обработка и директен маркетинг на сопственото земјоделско производство на фарма:**

- Млеко и млечни производи;
- Месо и месни производи;
- Овошје и зеленчук вклучувајќи и компири, печурки и мешункасти култури;
- Жита, мелничарски производи и производи од скроб;
- Растителни и животински масла и масти;
- Шира од грозје, сок од грозје, вино и оцет.

**4. Производство на енергија од обновливи извори за сопствена потрошувачка, преку обработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса (освен биомаса од рибни производи) за производство на биогас и / или биогорива, користење на сончева енергија, ветерници, геотермална енергија итн.**

## 6.ПРИМЕРИ НА ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ:

1. Изградба или реконструкција на објекти и друг недвижен имот за земјоделско производство како и потребната опрема;
2. Изградба или реконструкција на објекти и друг недвижен имотот кој се користи за пост-бербени активности, за преработка и маркетинг на земјоделски производи и потребната опрема;

3. Набавка на повеќегодишни растенија (со исклучок на семе), вклучувајќи овошни дрва, грмушки и трпезно грозје, маслинки, лозја, вклучително и придружни инсталации;
4. Набавка и/или инсталирање на нови машини, земјоделска механизација и опрема/инструменти за подобрување на активностите за земјоделско производство на фармата или опрема за подобрување на стандардите на благосостојбата на животните, за пост-бербени активности, преработка и директен маркетинг на фарма, опрема за заштита на животната средина;
5. Инвестиции во наводнување и опрема за санација/надградба на постоечката мрежа за наводнување на земјоделските стопанства;
6. Набавка на специјализирани земјоделски транспортни приколки и возила;
7. Развој на инфраструктурата на земјоделското стопанство.

## 7. КАДЕ ДА АПЛИЦИРАМ

Се аплицира на отворен јавен повик до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.



## 8. КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ

Потребните обрасци како и „Упатство за корисници на средства од ИПАРД Програмата за мерка „Инвестиции во физички средства на земјоделските стопанства“ во кое се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање може да се подигнат директно во:

**Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

**Тел.:** 02/3097-460
**Адреса:** III Македонска бригада бб., Скопје
**www.ipardpa.gov.mk**

**Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството**

**Тел.:** 047/228-330 и 047/228-370
**Адреса:** Климент Охридски, Битола
**www.agencija.gov.mk**

За појаснување на ИПАРД Програмата можете да се обратите до:

**Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство**

**Тел.:** 02/3134-477 локал 113,114,115, Сектор ИПАРД,
**Адреса:** Аминта трети бр.2, Скопје,
**www.ipard.gov.mk**
како и до сите подрачни единици на МЗШВ

Оваа публикација беше подготвена со поддршка на Агенцијата за меѓународен развој на САД – УСАИД од тимот на проектот за Адаптација на земјоделството кон климатските промени, имплементиран од Мрежата за рурален развој на Република Македонија.

Мислењата на авторите кои се искажани во оваа публикација не ги одразуваат ставовите на Агенцијата за меѓународен развој на САД - УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.